РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
Бр. 08 - 79/5
15. 04. 2024 год.
Македонски Брод

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.02/05), како и член 36 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Македонски Брод (Службен гласник на Општина Македонски Брод бр. 02/03...04/17, (Сл.гласник на Општина Македонски Брод бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14,1/15, 5/19 и 11/22), и одредбите од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси („Службен весник на РСМ" бр. 12/19), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесе:

# УПАТСТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

## I Вовед

Согласно Политиката на интегритет на Општина Македонски Брод, во извршувањето на своите овластувања и должности, градоначалникот, членовите на советот и сите вработени во општинската администрација на Општина Македонски Брод, ги почитуваат начелата на законитост, еднаквост и јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било и со целосно почитување на јавниот интерес.

Притоа внимаваат да не се ставаат во состојба на судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смеат да се раководат од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

Каков било фактички , потенцијален или видлив, судир на интерес задолжително се пријавува кај лицето за интегритет, согласно насоките за спречување на судир на интереси.

Службените лица не примаат подароци, привилегии или погодности. Исклучоците од оваа забрана се утврдени со закон. Подароците, без разлика дали се примени или одбиени, а кои не било можно да се вратат, како и без разлика на нивната вредност, задолжително се евидентираат, а копија од листата од евиденцијата за примените подароци се доставува до Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно закон.

## II Судир на интереси

### Член 1

Меѓународните стандарди, насоки и препораки дефинираат дека:

- јавниот интерес мора да биде на прво место;
- транспарентноста на процесот на донесување одлуки е од исклучително значење;

●систем за пријавување и следење на имотот и интересите да биде воспоставен;

●индивидуална одговорност и личниот пример се основа за доброто управување;

●организациската култура која не толерира судир на интереси мора да се поттикнува и развива.

Судир на интереси е состојба на судир меѓу јавните овластувања и должности со приватниот интерес на службеното лице во кој приватниот интерес влијае или може да влијае врз извршувањето на неговите јавни овластувања и должности.

„Јавен интерес" е поширок општествен интерес за општото добро и напредок на сите граѓани под еднакви услови, во материјална и нематеријална смисла, којшто може да биде загрозен со предизвикување штета од материјална и нематеријална природа поради дејствување од позиција на судир на приватниот со јавниот интерес.

„Приватниот интерес"подразбира материјален или нематеријален интерес на службеното лице што може да влијае врз неговото одлучување при вршењето на неговите јавни овластувања и должности.

**III Службени лица**

**Член 2**

Генерален принцип за спречување на судирот на интереси е обврската на службените лица секогаш да постапуваат во полза на јавниот интерес, сосема исклучувајќи ги своите приватни интереси и работејќи според принципите на законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност и професионализам.

Службеното лице не смее да се раководи од семејни, етнички, религиозни, политички или други лични интереси.

Согласно со Законот за спречување судир на интереси, службени лица се: претседателот на Република С. Македонија, пратениците, градоначалниците, амбасадорите и другите наименувани лица во странство, избраните или наименуваните лица од и во Собранието на и Владата на Република С. Македонија, органите на државната управа и други државни органи, органите на судската власт, јавните претпријатија, установи, други правни лица на централната и локалната власт, советниците во советите на општините и градот Скопје, како и лица вработени преку агенциите за привремено вработување со овластување утврдено со закон.

Според горенаведеното, во Општина Македонски Брод службени лица се: градоначалникот, членовите на советот и вработените во Општина Македонски Брод.